**20110822024**

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 7-д став (2) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2005, 4/2008, 48/2010, 158/2010, 44/2011 и 53/2011), министерот за финансии, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ПО ПОДНЕСЕНА ЖАЛБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на известувањето за недонесување на решение по поднесена жалба во рокот утврден согласно член 7-д став (1) од Царинскиот закон.

Член 2

(1) Известувањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Известување за недонесување на решение по поднесена жалба“ кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот е со форма А 4 кој содржи: во горниот лев агол назив на органот до кој се поднесува известувањето, во средишниот дел назив на известувањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичко лице-подносител на известувањето, седиште на правното лице односно адреса на физичко лице-подносител на известувањето, краток опис поради што се поднесува известувањето и потпис на подносителот на известувањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-16699/3
3 јуни 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**Прилог**

**До**
**Државен управен инспекторат**
**Скопје**

**Број ------------------------------**
**Датум----------------------------**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

**за недонесување на решение по жалба**

**Од________________________________________________________________________**
**(назив на правно лице/име и презиме на физичко лице - подносител на известувањето)**

**___________________________________________________________________________**
**(седиште на правно лице/адреса на физичко лице - подносител на известување)**

Краток опис поради што се поднесува известувањето :

Молам, Државниот управен инспекторат во рокот утврден во член 7-д став (3) од Царинскиот закон, да изврши надзор во Министерството за финансии заради недонесување одлука по жалба против решение/заклучок број-----------од---------на --------------------------; чија копија се доставува во прилог.

**Потпис на подносителот**

**на известувањето**

---------------------------------